СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 февруари 1995 година

Скопје, февруари 1995 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД I-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 10-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 9 ФЕВРУАРИ 1995 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН-1, 21, 34, 43, 44
2. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 27
3. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 23
4. ПОПОВСКИ КИРО - 2, 8
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 27
6. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 11
7. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 22, 23, 25, 39, 57
8. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 55
9. ТАИРИ МЕВЉАН -1
10. ТУДА РАМИ -11
11. ТАНТАРОВ ВЕЉО -15, 17
12. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА - 53
13. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 30, 38, 41, 42, 44, 45, 48, 51, 54, 57
14. ХИСНИ КЕНАН -13


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 10-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана 9 февруари 1995 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа.

Г-динот Мевљам Таири бара процедурално.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Пред да започеме со работа, барам објаснување зошто вчера беше прекината седницата кога г-динот Сали Рамадани зборуваше на албански и на македонски. Сметам дека немаше никаква причина да се прекине работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Работата на Собранието за сега е уредена со стариот Деловник што го имаме и оние уставни одредби што непосредно се применуваат. А, ако случајно, било која одредба на Деловникот е спротивна со во Уставот утврдената норма, тогаш се применува директно Уставот, одредбите од Уставот.

Инаку, во досегашниот Деловник навистина постои можност пратениците од редот на националностите да можат под одредени услови што се во Деловникот содржани, не соопштени овде на говорницата, туку однапред најавени, како таму стои, за да може претседателот на Собранието да преземе одредени мерки итн. да можат да зборуваат на јазикот на националноста.

Меѓутоа, во Уставот е службен јазик само македонскиот јазик и кириличното писмо, како таму пишува. Каде се употребува, врз основа на Уставот сега, каде можат да зборуваат, каде се употребува во службена намена, бидејќи седницата е службен настан, службен е настанот е речено дека во органите на локалната самоуправа. Бидејќи Собранието не е локална самоуправа до овој момент ние така од правниците разбравме и така ни е нам објаснето дека тоа тоа значи. Бидејќи сите го применуваме Уставот таму каде што сме, а јас овде каде што сум, еве сега така го применувам уставот.

Тоа е објаснувањето.

А, ако во расправата по новиот Деловник преовлада некое друго објаснување, тогаш тоа објаснување и таа одлука ќе се применува.

Има збор г-дин Киро Поповски.

Продолжуваме со расправата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници. Би сакал да се приклучам на дискусијата водена по овој значаен документ и веднаш на почетокот би сакал да кажам дека се продолжува со една практика не само во овој Парламент туку и по широко, секогаш кога на дневен ред се некои прашања што задираат во некои односи од меѓунационалните

прашања, атмосферата и нашите глави мошне се вжештуваат, се изрекуваат бројни брзоплети едностранни би рекол научни категорични квалификации, би рекол и нихилистички негирајки се и сешто, со квалификации дека е доведена во прашњше дури и верска, национална, културна дискриминација на делови на граѓани во републикава од одредена националност и слично.

Всушност, се создава една атмосфера во која што тешко може во една мирна, би рекол аргументирана расправа да се воочи што е што и врз изразени аргументи да се проценат работите и се донесе конкретен заклучок. И, најчесто, по конкретен повод целиот арсенал на меѓунационални односи се изнесува, кој што задира и во уставни решенија и човек кога слуша не знае дали се тоа предлози за измена и дополнување на Уставот или прилог кон расправата, по решението што се нуди по овој закон.

И, најлошо што е во целата оваа работа или најдобро, зависи кој како оценува, сите, ама би рекол сите до еден и во досегашната дискусија поаѓаат од Уставот, дека уставните основи бараат вакви или вакво решение и дека всушност проблемот е на кој начин правилно Уставот да се толкува. веројатно некој недоволно заинтересиран или недоволно упатен слушател на овие дискусии ќе си постави прашаше како заклучок од целата оваа дискусија би извлекол? Дека всушност сите се сложвуаме дека треба од уставните рамки да се тргне и дека очигледно основен проблем е на кој начин да се сузбие некој договор што постои меѓу партиите или пратеничките групи во рамките на Сојузот за Македонија, кој што погрешно го толкуваат Уставот и наметнуваат во ова Собрание бидејќи имаат мнозинство во Собранието, наметнуваат

решенија што не одговараат на уставните основи. Или, ако тоа не е доволно како аргумент, тогаш се вика дека и Уставниот суд е под нивно влијание, па и средствата за информирање, па и домашните и меѓународни експерти по оваа област и тие се под влијание на овие партии и затоа толку тврдо не се прифаќаат одредени оценки или гледања на поединци по конкретното решение.

Со други зборови , како клучно прашање испаѓа дека всушност се работи уставните рамки не се проблем, решенијата не ги оспоруваме него проблемот е практичната примена што погрешно законодавецот сега ја нуди во овој закон за личната карта.

Не би се впуштал во оценки на некои дискусии и искажувања бидејќи целта на мојата дискусија е не да ја вжештувам расправата, туку напротив да ве повикам во една многу по смирена, би рекол демократска расправа, аргументирано да ги изнесеме сите прашања, да ги оцени- ме што е што во дадената ситуација, а бидејќи имаме подлога за тоа во уставот, мислам дека сме доволно кадарни и стручни, а и добар дел од овој состав учествуваше во донесувањето на Уставот, пред се за овој дел од прашањата да понудиме единствени заеднички гледања. Затоа, прво и основно прашање на кое што сакав е дали можеме да обезбедиме единствен приод во разгледување на овој документ? Бидејќи очигледно сите други прашања што ги регулира овој закон не се доведуваат во прашање, дискусијата исклучиво се концентрира по прашањето на кои јазици личната карта да биде напишана. Според тоа, тоа е клучен проблем. Претпоставувам досега никој други забелешки не искажа по текстот на самиот закон.

Како можеме да дојдеме до заедничко решение? Секако, ако обезбедиме барем единствен пристап во оценувањето на понудените

решенија. А тој единствен пристап може да го обезбедиме ако реално тргнеме од основаната уставна рамка што се поставува по прашањето на применат ана јазиците во Република Македонија, односно примена на јазикот , македонскиот јазик и кириличното писмо како службен јазик и примената на јазиците на националностите во Републикава. Мислам дека тука одредени забуни настануваат и во дискусиите, па малку наелектрелизирано даваме такви категорични оценки да мора овака на некој начин да се реагира. Мислам дека директно треба да се постави прашањето дали јазиците на народностите се рамноправни со јазикот на македонскиот народ или македонскиот јазик и кириличното писмо во Уставот, бидејќи во дискусијата беше речено не сака да се прави дискриминација, рамноправност на јазиците се доведува во прашаше во република Македонија. велам, не се впуштам сега, бидејќи не е тоа простор за оценување на уставните решенија. претпоставувам дека сите пратеници, без исклучок поаѓаат дека рамка е Уставот и од тука треба да поаѓаме. Дали уставните решенија во овој момент се најадекватни, дали тие треба да се доградуваат, тоа е "отом - потом". Дали уставните решенија може да се ситуира одредено решение во една земја или друга земја тоа е друго прашање. Ние поаѓаме пред се од уставната одредба, дали се рамноправни јазиците. И, веројатно, еднострано ќе биде и погрешно било кој одговор ако не разграничиме пред се две основни работи која дистинкција и во нашиот Устав е присутна, а и во сите современи демократски устави денес во светот: Прашањето на употребата на јазиците на националностите и на малцинствата во одделни земји, како што ги крстуваат и прашање на службена употреба на јазикот во дотичната земја. Мислам дека ако не ја направиме таа дистинкција тогаш веројатно ги мешаме основните поими за кои се јавуваат недоразбирања во самата дискусија.

Ќе се сложите дека употребата на јазиците на националностите воопшто не е доведено во прашање во државава. слободно се употребува во непосредниот живот, во образованието, во културата, во средствата за информирање, во издавачката дејност секаде и тоа не од денес или од овој Устав. Јас скоро бев во Тетово каде што славеше 40-ет години или 50-те години, не знам како се вика гимназијата во Тетово, каде што уште во 1944 година четири паралелки на албански јазик се оформени и континуирано 50-ет години тоа се остварува. Затоа, сакам да потенцирам дека не е ова определба од овој Устав, туку во еден континуитет рамноправноста на јазиците во употреба секогаш била, никаква дискриминација на јазиците на националностите не е присутна. Не само во непосредното живеење, негување на јазикот и унапредување, туку и во комуникацијата во сите државни структури, во администрацијата можност за употреба на својот мајчин јазик, образование и т.н.

Дистинкцијата Уставот ја прави по прашањето на употребата на службениот јазик. Ако овде можеме да говориме аз рамноправност, слободна употреба на сите јазици во државата , овде е Уставот јасен во таа дистинкција. не признава рамноправност на примена на јазиците во републиката во службена употреба. Доколку имаме рамноправност тогаш не би била таа дистинкција во членот 7, каде се вели во првиот став дека во службена употреба е македонскиот јазик и писмо кирилица, а во вториот и третиот став се прави таа дистинкција - во локалните заедници во заедниците на локалната самоуправа каде што мнозинство или значителен дел живеат се употребува покрај македонскиот, јазик и јазиците на националностите. Значи, дистинкција има. Според тоа, јасно е разграничено употребата на службениот јазик во Републикава во

целина и употреба на јазиците на националностите. Впрочем, ако ја нема таа нерамноправност, што би се рекло , што е карактеристика за целиот цивилизиран свет и сите парламентарни демократии и демократски, бидејќи единствено начин на комуникација во една држава обезбедување хармонија и функциите нејзини ние во Уставот или уставно закон не би ставиле одредба или обврска посебен закон да се донесе за употребата на јазиците на националностите.

Според тоа, пак ќе повторам ако ние можеме јасно и гласно да кажеме дека дискриминација на употреба на јазиците на сите националности во република Македонија воопшто не се врши во слободна употреба, непосредно итн., дистинкција е направена во уставот само во однос на службената употреба во Републикава.

Нормално, сега доаѓаме до клучното прашање, јас би сугерирал исклучиво на тој сегмент сега да се задржиме, поаѓајќи од оваа уставна одредба за што сите пратеници кои дискутираа, јас така и ги разбрав, дека поаѓаат од уставната одредба и нудат решение најисправно и кое решение би требало да биде во согласност со уставните рамки.

Што е сега клучното прашање за толкувањето на самата устав- на одредба? Го знаете целиот историјата на овој закон и различните модалитети што ги имаше и опции што во дискусиите последниве - две - три години ги има околу определбите за конечното решение. Членот 7 од Уставот вели дека во службена употреба во Република Македонија е македонскиот јазик и писмо кирилица. Како што реков, во ставот 2 и 3 во единиците на локалната самоуправа покрај него се употребува и јазикот на националноста. Според тоа, не може да се инсистира на рамноправно учество сме во единиците на локалната заедница на јазиците на националноста. Тоа е уставното решение како што јас и го толкувам.

Мислам тешко може поинаку да се толкува. Тешко би можело другачие да се толкува, бидејќи Уставот не дозволува на целата територија на републиката паралелно со македонскиот јазик како единствен службен јазик да се применуваат и другите јазици на националностите....

(Реакција од место )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тиша.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас говорам Уставот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не разговарајте со поедини пратеници Вие, само на Парламентот се обраќате.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас го толкувам Уставот, а дали решението на Уставот е прифатливо, дали треба да се доградува, тоа не е предмет на денешната расправа.

Според тоа, ако уставотворецот рекол дека покрај македонскиот јазик во службена употреба исклучиво може да се употребуваат јазици на националностите, исклучиво само во единиците на локалната самоуправа каде што составот е таков и таков, ценам дека само за тие единици на локалната самоуправа може да се овозможи и Уставот да се примени, примена покрај македонскиот јазик и јазиците на националностите.

Е сега, тука се јавува и основниот проблем. Може ли личната карта како јавен и државен документ да се применува исклучиво само во

единиците на локалната заедница каде има мешовито население? Бидејќи Уставот вели само во единиците каде има, покрај македонскиот се употребуваат и јазиците на националностите. Според тоа, можеме ние да направиме да припадници на националности имаат едни лични карти што ќе важат за единиците на локалната самоуправа каде има таков и таков состав, а други лични карти да користат како јавни исправи како документи, државни за целата територија на Република Македонија, бидејќи за таа цела територија мора единствен документ да има, а тоа е на македонскиот јазик и кириличното писмо.

Можеме да изразуваме незадоволство кон уставните рамки. Но, мислам дека ако има добра волја,желба, дека можеме да се усогласиме како овие уставни рамки што ги даваат единствено да ги толкуваме и во рамки на тоа да бараме конкретно решение.

Искрено да Ви кажам, јас овој предлог на Владата, до некаде бев иницијатор, го подржувам. Ценев, не сум стручњак од лингвистиката, многу лингвистичари говореа дека ќе има проблеми во транскрипцијата. Второ, многу авторитети ми говореа дека тоа е личен идентитет на секој човек. Затоа треба да се дозволи и дека ваквото решение што Владата го предлага не го доведува во прашање уставното решение за службена употреба на македонскиот јазик и кириличното писмо на цела територија во Република Македонија.

Меѓутоа очигледно ова решение сега од одделни пратеници се толкува како половично решение. Таква оцена лично не можам да прифатам. Доколку се толкува како половично решение лично не би го подржал овој предлог на Владата. Овој предлог единствено може да се толкува доколку се толкува како решение што не ја доведува во прашање уставната одредба дека на цела територија на Република Македонија

I/10.-

единствен јазик е македонскиот јазик и писмото кирилично, а во единиците и така натаму.

Според тоа, толкувањето на овој начин мене веќе во дилема ме доведува дали и овој предлог на Владата да го подржам, доколку се мисли дека е ова половично решение до целосна двојазичнсот во целата Република. Лично не го прифаќам како такво и затоа во таа функција всушност е амандманот на група пратеници од Социјалистичката партија бидејќи јасно и гласно, децидно се бара да се применат уставните решенија за кои сите заедно се определивме, Впрочем не поради примедбите што беа ставени од одделни пратеници на амандманите од групата на Социјалистичката партија би потсетил, како може тогаш овој амандман што сега го добивме при крај на вчерашниот ден од група пратеници, мислам дека се од ПДП , кои бараат сега ова решение да се однесува само во локалните заедници каде има повеќе, а не генерално за сите националности во Републикава. сега, тие сами предлагаат по рестриктивен пристап, а се знае дека мнозинството и значителен дел во Републикава во локалната самоуправа само тој статус може да го добијат албанците, а не и другите националности. Не знам во што е самиот амандман да се настојува да се исклучат другите националности да можат во заграда да стои оригинално и нивното име.

Според тоа, мислам дека овој исчекор што е направен со предлогот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За амандманите после Ве молам. Кога ќе дојдат на дневен ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Со овој предлог што е исчекор направен од Владата лично мислам и со ова толкување како што јас го подразбирам мислам дека овој предлог може да се прифати. Во спротивно,мислам дека најчист однос ќе боде доколку биде прифатен амандманот на Социјалистичката партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Туда бара процедурално.

**РАМИ ТУДА:**

Во овој Парламент се чини стана практика да не се почитува сопствениот устав и сопствениот деловник, кој дозволува дискусија на свој мајчин јазик.

Во врска со вчерашното прекинување на седницата од страна на претседателот на Собранието, спротивно на Деловникот, а во името на пратениците кои не се слагаат со ваков начин на работа кога се прекршуваат деловничките одредби, дури од претседателот на Собранието, должен сум да го известам Собранието дека нема да учествуваме во работата на оваа седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, само, колку дообјаснување, повреда на Деловникот има само кога Собранието ќе констатира. Дотогаш има само мислење на поедини пратеник или на група пратеници дека е повреден Деловникот. Според тоа, Собранието не констатирало дека Деловникот е повреден.

Молам, продолжуваме со расправа.

Процедурално господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господо, пред да го објавам односно соопштам ставот на Пратеничката група на ПДП уште една обврска ми е, лична, да објаснам и на господинот Киро Поповски дека сите тие негови толкувања се толкувања кои навистина не можеме ние да ги прифатиме. Јас сега многу просто и вака ќе објаснам.

II/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа не е процедурално,тоа, вие учествувате во расправа и не се согласувате со господин Поповски.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не, сакав да му објаснам нешто пред да го соопштам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама не, тоа, вие поинаку мислите, тоа е нормално.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Добро. Тогаш ставот на Пратеничката група на ПДП, за жал и овој пат како и многупати порано кога се на дневен ред закони со кои се регулирани статусот и правата на националностите силата на аргументите е послаба од аргументите на сила. Таму каде што моќта на аргументите не може да влијае да го промени одредувањето врз национална база мајоризацијата станува правило, а присуството на малцинството визави мнозинството се претвара во чист политички декор, улога која не сакаме да ја одигруваме.

Затоа Пратеничката група на ПДП има став да не присуствува во понатамошната постапка и чинот на усвојување на овие закони. Се мисли на пакетот на овие закони. Ги молам, сите други пратеници кои сметаат дека овие решенија не се во духот на изградувањето на демократска и заедничка држава во знак на протест да ни се придружат и да ја напуштат седницата.

(Пратениците од албанската националност ја напуштаат седницата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, тоа е право на секоја пратеничка група да процени, Според тоа нема никаква замерка.

Господин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Не е процедурал испад, ова е дискусија,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не немаме дискусија, по тоа не се дискутира.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Не, не,не, зборувам по повод точката што е на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А вие сакате да зборувате по точката, добро, продолжуваме со расправа. Не е процедурална интервенција.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Бидејќи расправата не е при крај и бидејќи и по оваа точка на дневен ред јас вчера не дискутирав туку дискутирав по однос на предлогот на дневниот ред, сметам за сходно да допрецизирам некои работи кои што ги има во краткото образложение при понудениот предлог за измена на дневниот ред односно за изземање на наведените четири точки. По се изгледа претпоставував дека ќе се створи една ваква ситуација за која што искрено речено сите сме криви, поаѓајќи од Владата па и пратениците овде.

Имено, свесно дозволуваме во овој Парламент да ги градиме нештата од кровот кон темелите, место да оди обратно. Тоа е едно,

Второ, односот према поедини пратеници треба да го сфатиме не како однос како пратеник кој го искажува своето мислење, ова ќе го поткрепам со членот 2 од Уставот кој што вели дека е носител на суверенитетот во Македонија граѓанинот, и дека граѓанинот ги остварува своите права преку своите претставници кои ги избрал, избраници, тоа

значи дека поедини пратеници во ова Собрание го искажуваат ставот на базата која ги изгласала, независно колку е неговото размислување во тој правец во согласност со тоа или не.

Трета работа, ние овде ќе дојдеме во ситуација на дневен ред на пример имаме неколку амандмани кои што се чиста уставна дистинкција, дословно препишан ставот 2 и 3 од член 7 од Уставот на РМ и веројатно ќе се дојде во ситуација да не се крева рака за уставна дикција, чудна работа, јас не знам што би рекол Уставниот суд за оваа работа, меѓутоа не би требало да се плашиме, ние можеме слободно да го прифатиме ова, а јас ви тврдам дека тоа не може да се реализира. Зошто? Затоа што вели под услови и начин утврден со закон или начин утврден со закон, а ние тој закон го немаме. А тој закон, па ќе ве молам, мене ми е жал што овде нема претставници од Владата, освен господинот министер, кој ќе ми каже овде што е мнозинство, што е значителен број, Ако ние прифатиме после ќе се спориме што е значителен број.

Интенцијата на вчерашниот предлог беше ние под итно да го донесеме на дневен ред Законот за употребата на јазиците и писмото на националностите за понатаму не се спориме. Ако памтењето добро ме служи ќе се вратам на неколку седници порано кога дискутиравме за законот за органи на управата тогаш, уште тогаш се назираа кога дојдовме до тие членови што го регулираат ова прашање, пак настана спорна ситуација. Предвидувам дека и во иднина кога ќе бидат овие точки ќе настанат спорни ситуација и ако памтењето не ме лаже дури тогаш отидовме на една претпоставка дека Уставниот закон предвидуваше рок од 6 месеци до една година па сега се отвара нова процедура, ние мораме да донесеме одлука за измена на тие рокови за да можеме да донесеме тоа и тоа, а сега веќе нема потреба да донесеме таква одлука за измена на рокови.

Мислам постојано ќе наоѓаме нешта кои што ќе не кочат во донесување на работи, а сите знаеме дека тоа е изводливо и јас ги прашувам, нема кого фактички да прашам од Владата, зошто се одолговлечува со донесување на дневен ред на законот за употреба на јазиците на националностите и нивното писмо, во кое што децидно ќе стои кога, каде, како, колку ќе се користи и ќе немаме проблеми. Тогаш донесувањето на овие закони за лична карта, за лично име, за матична евиденција претпоставувам ќе беа чиста формалност бидејќи ќе го знаевме дијапазонот до каде, што може да се користи јазикот и писмото на националностите. Вака, се вика народски "млатење празна слама, претурање празно во шупло" и ќе си ја тераме работата.

На крај, да завршам, јас вчера реков дека доколку мојот предлог за дневниот ред не се прифати, реков дека ќе апстинирам по предложените четири закони и ќе апситинирам од понатамошната работа само за овие четири точки, а за останатите точки од дневниот ред јас ќе бидам во салата и ќе учествувам, ќе партиципирам во решенијата за тие точки.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мило ми е ако господинот колега она што го кажа дека го почитува мислењето на базата е точно, а јас го почитувам мислењето на мојата база од каде што доаѓам и ќе кажам се она што го слушнав и видов во расправата по точката што е на дневен ред.

II/6.-

Во текот на вчерашната седница по предлог законот за личната карта на оваа говорница беа искажани многу патриотски беседи од страна на пратениците од албанската националност за наводната загрозеност на албанците во Македонија, за нивното претопување, за нивната обесправеност, потчинетост и што ти не. Беа изречени и разни закани дека ако не се задоволи барањето на албанските пратеници личната карта да биде пополнета на јазикот и писмото на овие националности што живеат во Македонија тие ќе ги повикаат албанците на непослушност и ќе заземат посебна политика на однесување во овој Парламент и во нашава држава.

По прекинот на вчерашното заседавање на овој Парламент се надевав дека емоциите на' албанските пратеници стивнаа, меѓутоа еве се покажа дека уште повеќе се разгорени.

Инаку на вчерашната седница на Собранието на Македонија некои пратеници од албанската националност своите кажувања ги започнаа како претставници на Ректоратот на приватниот универзитет во Тетово. Бидејќи во оваа држава секој секаде може да формира ваков универзитет, па и ние во моето село завчера формиравме еден таков универзитет и јас во името на тој универзитет сега ве поздравувам, инаку негови ректори се пратениците Славко Котевски и Живко Јанкулоски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само во свое име овде како пратеник се зборува, а ничии други имиња. Не, не, јас ве молам да не правите такви испади.

Продолжете, како пратеник.

II/7.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, осмата битолска изборна единица ја сочинуваат 60 села што се наоѓаат под Пелистер, под Кајмакчалан во полето Мариво и кај самата вештачка грчка граница со Македонија. Заедничкиот живот од дамнина го негуваат Македонци, Турци и Албанци кои што живеат во девет села. Го има во Будаково, Жабљани, Кременица Грдешница, Лажец и Долно Орехово. ВО овие средини откако се знае и памети се живее во слога. Нема кавги и расправии за било што како што ги имаме во овој Парламент. Верата и јазикот никогаш не биле сопки за заедничкото живеење. Заедништвото никогаш не било разнишано ни затоа што личната карта на турците и албанците била испишана на чисто македонски јазик и со македонско писмо. Господо, во овие села со мешан живот Македонците, Турците и Албанците не се заедно само во црквите и џамиите. Така било и така ќе биде. Кој не верува нека повели на разговор на оваа тема во било кое село со мешан живот во битолска општина. Вратите за вакви разговори се отворени насекаде. Заедништвото на Македонците, Турците и Албанците не го разнишаа ни многуте партии што делуваат во битолска општина. Нивните програми на овој план се изјаловија. Вештачките проблеми со јазикот и писмото на самите националности не најдоа ниту пак ќе најдат почва за создавање на раздор, нетрпеливост или судири меѓу луѓето од овие средини.

На прашањето зошто македонските, албанските и турските партии не успеаа да ги остварат своите партиски цели во битолските села со мешан живот, според мене има само три одговори.

Прво, земјоделците македонци, турци и албанци што живеат од она што раѓа земјата од денонокна работа во полето и шталите со говеда и добиток немаат време за водење на ваква политика.

Второ, како учесници во сите војни за овој дел на Македонија добро знаат што значат евентуалните судири на планот на самите националности.

Трето, личната карта господо пратеници не носи ниту плата ниту леб.

Почитувани пратеници, во неделата што измина посетив неколку села од осмата изборна единица. Земјоделците од Кишава, Ношпал, Будаково, Гермијан, Скочивир, Градешница бараа средба со својот пратеник во Собранието на Македонија за да ги кажат бројните проблеми од нивниот живот и работа. Во сите овие села разговорите започнуваа и завршуваа со прашањето Кога ќе се откупи и исплати тутунот од ланското производство? Ќе има ли пласман за јагнишата? Зошто и по два месеци од измената на Законот за персонален данок Управата за јавни приходи во Битола наплатува и понатаму казнена камата од 2%. Потоа прашуваат, кога ќе стигне во овие села телефонијата, водата, асфалтот и ќе има ли некои кредити за подобро утре на овие земјоделци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако може да се концентрирате.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Ќе ве молам претседателе, немојте да ме прекинувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, да, тоа е моја задача, ова не се пратенички прашања, имаме, вие тогаш ќе ги кажете. Вие зборувајте за законот за лична карта.

Повелете.

II/9.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Во Кишава, село на околу 500-тини вредни албанци, сакам да слушнат албанците ова село се наоѓа крај самата вештачка граница со Грција, низ три часа разговарање баравме излезни решенија за тоа како да се изгради школо, да се добие телефон и што не. Во Кишава, господа пратеници, ги прашав албанците, земјоделци, сточари и земјоделски пензионери што мислат за предлогот на Владата на Македонија, за нивните лични карти да може да се пишуваат покрај на македонски и на албански јазик, станува збор само за името и презимето. Знаете што, одговор добив. Рекоа: што фалеше досега што беше напишана личната карта само на македонски јазик.

III/1 ЈМ/ЛБ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Никој од овие албанци господо, не се поплака дека овој Предлог на Владата за личната карта претставува дискриминација на албанците, ниту пак рекоа како што рече некој од албанските пратеници дека заради тоа и јазикот и писмото нема да ја чува нашата граница. Господо пратеници, се обраќам на албанските пратеници што овде ги нема, вие на вчерашната седница на Собранието на РМ истакнавте дека ако во личната карта на албанците сите податоци не бидат запишани на нивниот јазик и нивното писмо на Македонија нема добро да и се пише. Изрековте и грозни закани што сигурно чесните албанци не само што нема да ги прифатат туку и ќе ги осудат. Дури и еден пратеник што долго време беше во врвот, што го градеше македонскиот социјализам,не прифаќањето на вашето барање за личната карта го нарече асимилација на албанската популација во Македонија. Не знам со каква смелост го кажа тоа, но знам дека во стариот систем со законите во чие донесување учествуваше и тој не дојде до таква албанска асимилација туку напротив дојде до огромна албанска експанзија во нашата држава. Кај вас постои неоснован страв дека ако личната карта не биде испишана на албански, или турски јазик и писмо, ќе исчезнат вашите нации. Вашите досегашни барања и соништа за Илирида, Универзитет, за јазикот и писмото, за автономија на западна Македонија и сега за албанска лична карта меѓу македонците што цел век се бореа за овој дел на слободна Македонија внесоа страв од ново раскинување на ова Македонско парче. Господо пратеници за оваа Македонија е пролеано многу крв. Македонците и чесните албанци, турци и срби што живеат овде сигурен сум дека нема да дозволат нови програми на ова напатено државиче на Балканот.

Во интерес на сево ова јас не ги прифаќам барањата на албанските пратеници за менување на моделот на личната карта. Инаку, заканата дека албанците нема да ја чуваат Македонија, мене не ме вознемири. Македонија ќе ја чуваат како што досега ја чуваа македонците. Тешко на Македонија ако чека некој друг освен македонците да ги чуваат нејзините граници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да му дадам збор на господинот Стојановски, морам да направам неколку забелешки. Тоа мене функцијата ме обврзува да го сторам.

Прво, колку што можев да чујам од излагањето на господинот Тантаров, прво г-динот Тантаров рече дека, така јас чув овде, спомна дека е претставник и избран во еден дел, изборна единица која се наоѓа на вештачка граница. Границата на РМ е државна, меѓународно призната граница и тоа искажување е спротивно на Уставот и на фактичката состојба и мислам дека ние сами не смееме да си ги доведуваме во прашање нашите граници. За тоа веројатно господинот Тантаров ќе поразмисли и ќе го исправи тоа. Инаку сакам да кажам дека никој во Собранието никогаш за нашите државни меѓународно признати граници не рекол досега дека се вештачки. Ова е прв случај . И јас укажувам на тоа дека тоа е апсолутно неточно и неприфатливо.

Второ, во неговото излагање овде е речено нешто што се однесува, видете тоа политички вие можете после како сакате расправајте си го, но од уставна гледна точка, а мене ме обврзува тоа да го кажам дека Македонија како држава ќе ја бранат по националност едни, македонците, а не оние кои не се од македонска националност, овој пат албанците и не знам кој друг. Мислам дека никој ни Уставот ни тие што го избрале господинот Тантаров не го овластиле тоа да го каже и ние тоа немаме право преку тоа да прејдеме никако бидејќи оваа држава

ќе ја бранат и должни се да ја бранат и нивни интерес сите граѓани на државата и сите државјани.

Трето, сакам само формално да му кажам за овие другите што не се македонци, не може никој да му го одземе тоа право да ја бранат оваа држава. Таа држава е на сите државјани, на сите граѓани. Тоа не може ниту господинот Тантаров да им го одземе.

И уште едно терминолошко прашање. Господинот Тантаров често пати зборуваше за албански пратеници овде. Овде нема албански пратеници или турски пратеници, или не знам српски пратеници, или такви пратеници, или вакви. Има само пратеници на Републичкото Собрание, можат да бидат од албанска националност, можат да бидат од македонската нација, можат да бидат македонци, можат да бидат од друга националност итн. но албански пратеници има само во Албанскиот парламент и на никое друго место. Овде ние сме сите македонски пратеници и да се употребува тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Веројатно дека дискусијата која што ја подготвував усмено како по обичај ќе мора да претрпи одредени корекции со оглед на хендикепот објективно кој што настана со напуштањето на оваа седница на некои пратеници што можеби и требаше да го очекуваме после вчерашниот синхронизиран, агресивен и координиран настап со една единствена цел да се покаже што поголеми напади на оваа демократија, на оваа држава вклучувајќи ги и највисоките раководители на државата. Во сите излагања најчесто беше спомнуван зборот дека нема демократија, а јас во името на сите присутни тука пратеници ќе кажам дека точно овој Парламент вчера го положи испитот на демократијата трпеливо, коректно, колегијално слушајќи тука се и сешто до крајот, до оној момент кога веќе беше дадена паузата. Според тоа, честитки за сите пратеници тука што бевме присутни, што сме и денеска дека пред се ни е интересот

на оваа држава и во тој смисол продолжуваме со работа. Сите повикувања на Законот за личната карта на општиот претрес беа само една фасада, една маска за да практично се промовираат други работи и други мислења . Сметам дека во тоа можеби е најголемиот позитивен придонес на вчерашната седница да практично чуеме што мислат некои пратеници во овој Парламент. Не заради друго, туку за да извлечеме две поуки, објективно дека некои закони, некои прашања...

(заради немање на електрична енергија седницата прекина)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 15 минути.

(по паузата )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, службите да ги повикаат сите пратеници да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Продолжуваме со работа.

Има една деловничка интервенција.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во дел од дискусијата на г-дин Тантаров каде што беше спомнато и моето име, сметам дека треба да ја сфатите како на шала, несериозна и јас навистина се оградувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам кога ќе се зборува ова е Парламент и сите да зборувате сериозно. И правилна е интервенцијата на г-динот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Писателите би рекле ќе треба еден антерфиле па да продолжиме на некој начин ќе се обидам концептот да не го изгубиме и пред се добрата желба коректно и колегијално однесување до крај.

Во тој контекст ќе акцептирам само неколку работи затоа што ова е општ претрес. Имено тојафамозен член 7 од Уставот , особено со неговите ставови 2 и 3 придонесуваат за многу контраверзи, контрадикторноси, расправии, со еден збор да го толкуваме како сакаме. Сите го читаме по 100 пати и си го толкуваме како ни одговара, на некој начин Уставот го претворивме во еден современ супермаркет, она што ни одговара таму да гоземеме и тоа без да платиме, а она што не ни одговара едноставно да го прескочиме. Децидно стои дека сите тие права на користење на јазици ќе бидат регулирани со посебен закон.

Драги господо, колеги пратеници, додека не се донесе тој закон практично тој член не може комплетно да биде применлив. И оттука произлегуваат сите нејаснотии и сите произволни толкувања. Ние видовме дека Уставниот суд , највисокиот орган ни оспорува низа закони, 75 само во минатата година. Од вакви причини сакајќи да бидеме толерантни што е добро, меѓутоа градиме држава, ја обликуваме со овие закони и сметам дека богатство е за Владата и за предлагачите што поголемо наше активно учество, што поголем број на предложени амандмани од кои што она што сметаме дека треба да се усвои тука ќе одлучиме со гласање, за да имаме комплетен систем. Нема комплетен државотворен систем без дефинирани закони кои што се разбира ќе мора да се втемелуваат на Уставот.

Второ прашање, кое што вчера беше многу експлоатирано и провејуваше е прашањето на граѓански права и слично. Сметам дека конечно расчистено е и тоа прашање. Едно е граѓанско општество и граѓански права, друго е држава. Како граѓанско општество и права се знае дека сме сите рамноправни како граѓани без оглед на нашата национална, верска, расна, полова, социјална и друга припадност, а во државотворна смисла Македонија е унитарна држава и калкулации на тој

III/6

план не можат да постојат. Не може ние повеќе националниот состав да го експлоатираме ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се задржиме на законот за лична карта .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Беше многу експлоатирана таа тема вчера и мораме и тоа да го кажеме.

Сметам дека не е метод тука на комуникација, притисоци дека ако ова не биде, ќе биде она, ако ова не стане, ќе стане тоа. Ако ние сите овие притисоци вчера стоички тука и многу достоинствено ги поднесовме, јас сега гласно поставувам прашање за себе и за моите сограѓани во Тетово и за целиот дел на западниот дел од оваа држава ако тука ние имавме вчера она што беше, што можеме ние да очекуваме во таа локална самоуправа, утре, задутре таму, на тие простори? Јас се прашувам сега кој е загрозениот во оваа држава? И колку да е тоа црно на тие простори македонците се загрозени и ние сме таму малцинството. И зошто сега тие работи не се земат во еден контекст, во една коректност што значи партиципација во власта. Таму ние немаме собранија ниту Гостивар, ниту Дебар, и општинското собрание во Тетово не работи. И чекаме, велиме ќе дојдат тие закони на ред, локална самоуправа, територијална поделба, сето тоа. Затоа сме ние најповиканите тука да со својата работа,со својата мудрост со предлагање на решенија, ставови на крајот да дојдеме до она што на оваа држава во моментот најповеќе и одговара.

Се даваа примери на две, или три земји во светот во склопот на 175, а 172 што имаат поинакви решенија не ги спомнуваме.

Зошто се фаќаме точно за тие 2-3 земји. Сите соседи практично горе долу имаат многу слични и документи и законодавства како нашето и во Албанија и во Србија и во Бугарија и во Грција има една лична

карта, еднојазична лична карта. Затоа што колку сакаме да минимизираме некои работи не можеме од тоа да се оттргнеме. Личната карта за употреба внатре во државата е најважниот документ, никој не бара ниту пасош, ниту државјанство, туку секој бара лична карта.

Од друга страна викаме, па не е тоа многу битно, нека се стави името и презимето. Ако не е толку битно, па зошто го бараме? Битно е можностите за злоупотреба за индивидуално толкување ако малку ни се одалечат работите од она што значи закон и негова при- мена.

Јас ќе завршам,само со еден документ што значи долу во базата во таканаречената локална самоуправа произволно толкување. Ова е еден повик , или соопштение до даночни обврзници на подрачјето на општина Тетово издадено од локалната единица на Министерството за финансии со датум 15.XII.1994 година, исклучиво на ал- бански јазик заведен документ, потпишан од некој помошник, од заменик. Тоа се тие опасните работи кога не ќе ги дефинираме и понатаму тие одат од контрола. Да не зборувам за фирми, за образование и слично.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Децидно и кратко кога станува збор за личната карта и онаа што ми го понуди Владата, јас сум против тој предлог во личната карта да се пишува двојазично. Зошто? Искуството во светот кажуваат, еве и пример американската лична карта која е напишана, еве нека видат и камерите, ако можат... (ја покажува личната карта)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, овде не е суд, нема докази тука. Тие работи не се прикажуваат така.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Реков, дека не сум да се пишува двојазично затоа што овој документ ќе важи за територијата на цела држава и мене ми пречи во оваа американска лична карта што е напишано на латиница, а не на кирилица и јас сакам нашите македонци што се во Америка да не се пишуваат на латиница, но за жал, тоа е така.

Она што стално се оперира со членот 7 од Уставот, да не паднат критики дека лошо го толкуваме овој член 7, а мислам дек а најкомпетентен е министерот за внатрешни работи, бидејќи е и уставотворец, мислам дека може да даде потребно објаснување на членот 7, бидејќи го користиме на еден и на друг начин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, најпрвин да кажам дека пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз го поддржува Предлогот на законот за лична карта. Го поддржуваме од едноставна причина што е едно многу современо решение за јавна исправа, јавна исправа со која се докажува покрај идентитетот и живеалиштето, се докажува и државјанството. Се упростува постапка околу добивањето на овој значаен документ и многу поефикасно се доаѓа и на граѓанинот до остварување  на своите права и

односно квалитетно се менува на државата односно на државниот орган кон граѓаните. сосема е нормално таква јавна исправа да издава надлежен државен орган. Според тоа, не ја издава орган на единиците на локалната самоуправа. Веројатно најмногу емисии се покренаа околу решението во формуларот за личната карта дали да стои транскрипција на имињата на припадниците на националностите. во современите држави дури инсистираат надлежните државни органи заради поефикасна и подобра идентификација на граѓаните и да се упишува транскрипцијата како полесно е препознатливо да се најде еден граѓанин, така што тоа не е решение кое на мала врата некој сака да го протолкува дека отстапува од уставното решение за двојазичност. Ние го делиме мислењето на правниците и на Владата дека овде не станува збор за двојазичност, туку станува збор за транскрипција на имињата на националностите кои во јазикот на припадниците на националностите се изговараат на специфичен начин од она што значи изговор на македонски јазик.

Овде се правеше обид на мала врата да се внесе двојазичносч преку барањето на нашите колеги за кои искрено жалам што не се присутни од албансксата националност во натамошниот тек на расправа на денешната седница. Веднаш ќе кажам дека го делам мислењето на Владата дека во овој случај не смее на овој начин сегментарно да се уредува употребата на јазикот туку доследно да се почитува членот 7 од Уставот на Република Македонија. Тука многумина од моите колеги кажаа дека сите го искажавме своето мислење и станавме судии на Уставниот суд интерпретирајќи го членот 7 на начин како нам ни одговара во конкретна ситуација. Е, ако се залагаме за правна држава, ако, како што говорат моите колеги, да повторам, од албански те односно од партиите на албанската националност во Македонија дека секогаш ќе се залагаат да делуваат во институциите на системот и дека ќе се

залагаат за правна држава ова е шанса. Доколку ова решение не е во согласност со Уставот има надлежен орган во Уставот нашиот систем кој оценува дали некој закон е во согласност или не е во соглаасност со Уставот, а тоа е Уставниот суд. Апсолутно ги отфрлам оценките дека и Уставниот суд е исполитизиран и одлучува само врз основа на ставовите на актуелната власт. Дека тоа не е така имавте можност деновиве да прочитате колку закони, колку одлуки на Владата и закони на ова Собрание ги оспори Уставниот суд. Тоа значи дека професионално и одговорно, барем за сега, тој Уставен суд си ја врши својата работа и никој нема право да дава негативни квалификации на таа основа.

Значи, ако се залагаме за правна дражва, ако се залагаме да се решаваат спорните прашања во институциите на системот, единствен на тој начин можеме да бидеме доследни на она за што се декларираме.

Конечно, како што реков пратеничката група на СДС го поддржува овој закон а ние настојуваме и тоа нека биде еден вид одговор на моите колеги од ПДП, НДП и независните пратеници од вчера зошто многу често не учествуваме во расправата, ние се залагаме во ова Собрание да се воведе еден многу посовремен метод на работа, а тоа значи во комисиите да се претресуваат сите прашања, а пленарните седници да ги сочелуваме ставовите на комисиите и да расправаме по амандманите. Да не ги репризираме расправите по комисиите на пленарните седници. Сакаме да ја направиме работата на Собранието многу поефикасна и седниците, ако можеме, да ги закажуваме и одржуваме за еден ден или многу побрзо.

Кога реков дека го поддржуваме овој закон, морам да кажам дека како пратеничка група не ги поддржуваме приватните универзитети, па макар биле ректори и членови на Социјалдемократскиот сојуз или членови на Парламентарната група на СДС. Јас верувам дека мојот

IV/4.-

колега Тантаров се шегуваше, како што кажа г-динот Неделковски, исто така апсолутно не е спорно за СДС дека границата помеѓу Република Македонија и Грција е дефинирана и ја сметаме за конечна, границите можат да се менуваат, пишува во нашиот Устав, само врз основа на договор, спогодба и дури тогаш се оди на референдум, но никако немаме право на друг начин да ги менуваме, а уште повеќе кога се работи за СДС кој партиципира со огромно мнозинство во Владата.

Исто така сметаме дека граѓаните на Република Македонија се рамноправни по Уставот, доследно се придржуваме на тоа, сите сме одговорни за состојбата во Републиката подеднакво без оглед на националната припадност и верска убеденост, пол итн. Според тоа, може да има и поединечни мислења, може да има и шеги, но ова е парламент кој е највисоко законодавно тела на Републиката и одлуките односно, законите на овој Парламент се задолжителни во нивната примена а поединечните ставови на пратениците можат да си останат и натаму поединечни.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, мене како претставник на Владата навистина ми е жал што ми е оневозможено во овој случај да ги сочелат аргументите од кои Владата го конципирање овој закон со против аргументите кои беа овој ден два изложени од страна на Вашите колеги пратеници Албанци, едноставно затоа што приврзаник сум, а и сметам дека тој судир на аргументи можеше да изроди со единствено позитивен и демократски резултат, а тоа е поглед и проценка, уште еден претрес на решенијата кои се понудени независно од ставовите на Владата која со самата понуда на тие решенија смета дека се најдобри во овој момент.

Имено, посебно малку возбудливо изгледаше по некој пат обвинувањето дека Владата го крши Уставот намерно нудејќи решенија кои не се во негова согласност или пак дека решението кое го нуди

Владата треба да се донесе после еден заеднички или единствен закон за користење на јазикот на националностите во Републиката. Имено, должни сме да кажеме барем за овој состав на парламентот, а и за јавноста исто така дека Владата со понудата на законот смета дека е тој во рамките на Уставот од една страна и од друга страна дека е во рамките на меѓународните конвенции кои се однесуваат на заштитата на правата на националните малцинства во случајот кај нас националностите компарирано дури и со најновата конвенција за заштита на правата на националните малцинства усвоена од Советот на Европа овие денови.

Од првиот аспект имено, зошто ова решение се однесува на базичното решение на пишувањето на имињата на носителот на личната карта во самиот образец на личната карта, сметаме дека е уставно. Имено , личната карта никогаш не била ниту може да биде документ на органите на локалната самоуправа. Таа секогаш е документ врзана на два начина. Од една страна со персоната односно граѓанинот кој ја носи и од друга страна со територија на државата каде се носи. Таа не е врзана со локалната заедница, не се користи по својата логика, не се врзува за користење на било која локална заедница не- зависно каква големина има таа, од таа страна, таа врзана за територијата на Република Македонија, таа е еднојазичен документ од почеток до крај на официјалниот македонски јазик, а од друга страна изразувајќи го идентитетот на носителот тој персонален дел на личната карта е изразен во овој случај со транскрипција на името на носителот имено, освен на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на јазикот и писмото на носителот на картата. Оттаму е направен еден баланс токму задржувајќи ги рамките на Уставот и апсорбирајќи ги во себе и решенијата од самиот тој устав каде се вели во подоцнежните членови заштита на идентитетот

на граѓаните припадници на националностите. На овој начин преку името односно транскрипција на името се штити и тој идентитет се отсликува. Тоа е во рамките и не само на нашиот устав, туку и на меѓународните конвенции кои ги наведов. Оттаму, мислам решението исклучително балансирано, исклучително добро според наше мислење и мислам дека е решение кое ќе ги дефинира овие односи врзани за личната карта и нејзината улога во правниот систем.

Од друга страна решението во личната карта воопшто не е врзано со некаков услов донесување на единствен закон за користење на јазиците на националностите:

Прво, затоа што таков закон од уставната дикција и од Уставен текст своеволно или едно толкување на таквата одредба дека се носи единствен закон, таму не пишува единствен закон за користење на јазикот и писмото на националноста, таму пишува дека условите за тоа користење ќе се регулираат со закон. во овој случај кај личната карта тоа е законот за личната карта. Во случајот на кривичните постапки тоа е законот за кривичните постапки, таму се регулира прашањето.

Во третиот случај во локалната самоуправа тоа е законот за Локалната самоуправа, дека се користи општ термин, генеричен термин закон се регулира со закон, точно е дека се регулира со закон, но тоа не значи единствен закон, тоа не произлегува од уставниот текст и оттаму дури и да е единствен закон да ја земеме таа страна на аргументирањето на колегите, дури ни тоа не значи дека овој закон не може да биде донесен, бидејќи во тој иден, условно да кажам единствен закон ќе се предвидат во преодните и завршните одредби дека согласно со него членовите од тие закони ќе се набројат тие членови, се менуваат и гласат и ќе се наведе како тие наново гласат така што дури и во тој случај тоа не е услов за не донесување на овој закон чекајќи го таквиот

"единствен закон за користење на јазикот на националностите". Оттаму отпаѓа тој вид на аргументи за одлагање, секако дека, не сакам да ги коментирам политичкиот берам на таков жесток напад на закон кој јас не можам да го разберам морам да кажам, бидејќи законот во секој случај е јасен чекор напред во заштитата на идентитетот на припадниците на националностите на Републиката и е единствено поддржан од сите меѓународни експерти и посматрачи кои во Република Македонија во овој период расправавме токму за овие теми. Оттука мислам дека аргументацијата дека тој меѓународна поддршка или дека со ова ние би имале проблеми за влегување во некакви меѓународни организации се - политичка демагогија од јасен карактер. Обратно ситуацијата стои токму кај овој закон стои обратно, но повторно изгубивме прилика овие аргументи да ги сочелиме преку оваа говорница со пратениците Албанци.

Во решението за личната карта не претставува обврска, а тоа е одговор на некои други делови од дискусијата, да биде преземено, целосно препишано во сите други документи на државната управа и други документи кои не се документи на државната управа на пример индексите во образованието итн. Таква обврска во другите закони кои се наведуваат дека податоците ќе бидат користени нема. Така што не постои правна опасност од пресликување автоматско на решенијата на личната карта во сите други документи. Доследно таква обврска нема.

Во таа смисла сметаме дека решението кое Владата го нуди е оптимално и конечно решение за ова прашање на личната карта кое истовремено ќе овозможи уставно реализирање на членот 7 во оваа области, а областа на личната карта, истовремено ќе претставува реализирање на уставните одредби околу заштитата на идентитетот или промоцијата на идентитетот на националностите во Републиката и во

таа смисла покрива еден потребен дијафазон на решенија кои овој закон треба да ги покрива.

Оттаму ставот на Владата е дека овој закон треба да се донесе онака како што е предложен нормално по дискусијата по амандманите од страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по општиот претрес? (Никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор по општиот претрес го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ване Наумовски, Ферид Мусоски, и Драган Георгиев поднесоа амандман за додаваше на нов член 17-а со кој претставникот на Владата се согласил и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Назми Малиќи поднесе амандмани на член 4 став 2, на член 5 став 2, а пратениците Аце Коцевски, Славе Наумовски

Љупчо Мешков, Владо Соколовски и Звонко Каров поднесоа амандман на член 5 став 2, со кој Владата не се согласила.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 5 став 2.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандмани на член 5 став 2, и на член 15 за бришење на став 2 со кои претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 5 став 2, со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратениците Мерсал Биљали, Зеќир Кадриу, Рами Туда, и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 5 став 2 и на член 5 за додавање нов став 2, со кој претставникот на Владата не се согласила.

IV/9.-

Пратениците Мерсел Биљали, Зекир Кадриу, поднесоа амандман на член 4 став 1, со кој претставникот на Владата не се согласила.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 став 2, член 4 став 1 и 3, член 6, член 7 став 1 и членовите 10,11 и 12 зборот "лице" односно "лицето" се заменува со зборот "граѓанин" односно "граѓанинот" и на член 13 зборот "враќа" се заменува со зборот "предава".

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 17 за менува на став 1 кој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Хисни Шакири, Арбен Џафери и Сали Рамадани поднесоа амандмани на член 5 став 2 и на член 15 став 2, со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратениците Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски и Јован Лазаров и Мирко Лазаревски поднесоа амандман на член 5 став 2, по кој владаа не се произнела.

Пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати поднесоа амандман на член 5 став 2 со кој претставникот на Владата не се согласил.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 2 став 2 , член 4 став 1 и 3, член 6, член 7 став 1 и членовите 10, 11 и 12. Пратеникот Звонко Каров, поднесе амандман на член 8 став 2, со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Абдуљади Вејсели поднесе амандмани на член 4 став 2, член 5 став 2 и на член 5 за додавање нов став по ставот 2, со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 5 став 2, по кој Владата не се произнела.

IV/10.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, член 4 став 1, и 3, член 6, член 7 став 1 и членовите 10, 11 и 12, зборот "лице" односно "лицето" да се замени со зборот "граѓанин" односно "граѓанинот" поднесен од законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата, го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата ги прифаќа амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2, член 4 став 1 и 3, член 6, член 7, став 1, и членовите 10, 11 и 12, поднесен од Комисијата за политички систем. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратениците Мерсел Биљаљи и Зекир Кадриу.

Молам , кој бара збор? (Никој)

**СТОЈАН АНДОВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Зекир Кадриу.

Отворам претрес по амандманот на член 4, став 2, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Абдуљади Вејсели.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Абдуљади Вејсели.

Отворам претрес на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Назми Маличи.

Отворам претрес на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Аце Коцевски, Славе Наумоски, Љупчо Мешков, Владо Соколов и Ѕвонко Каров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Славе Наумоски, Љупчо Мешков, Владо Соколов и Ѕвонко Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со овој амандман практично верифицирајќи дека личната карта е документ што важи на целата територија на државата, сметам дека нема потреба од издвојувањето личното име и презиме да бидат на јазиците на националностите. Значи, останува во транскрипција на македонски јазик и кирилично писмо да биде целиот концепт на личната карта, дотолку повеќе што и во вториот дел на овој став воопшто не е елаборирано прашањето за кои националности се работи и како.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој бара збор, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

V/4.-

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Зекир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Зекир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додаваше нов став 2, поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Зекир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Зекир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратениците Хисни Шакири, Арбен Џафери и Сали Рамадани.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

V/5.-

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратениците Хисни Шакири, Арбен Џафери и Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратениците Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Јован Лазарев и Мирко Лазаревски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

14 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратениците Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Јован Лазарев и Мирко Лазаревски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 под- несен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, но во амандманите кои што Владата ги поднесе од своја страна и кои што се составен дел на законот, таа корекција околу македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е веќе составен дел на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

3 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Само едно известуваше и дообјаснување, јас внимателно го ислушав претставникот на Владата дека е тоа составен дел во нивните амандмани, ама не го прифаќа амандманот, а тоа колку е составен дел може да се одлучи само оној кој што го поднел амандманот и тој може да го повлече. Бидејќи не го повлекол, затоа моравме да направиме постапка на гласање.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став по ставот 2, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нов став по ставот 2, поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од пратеникот Ѕвонко Каров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 2, поднесен од пратеникот Ѕвонко Каров.

Отворам претрес по амандманот на член 12 зборот "враќа" се заменува со зборот "предлага", поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една забелешка, гледате ли колку е значајно на седниците на комисиите каде има претставник на Владата, од сите овие работи ќе не поштедеа од тоа дополнително овде да мораме да констатираме кој што прифаќа. Бидејќи повереницте не можат да прифатат, тие само доаѓаат на комисии, тоа влијае на ефикасноста на работата во Собранието.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

V/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2, под- несен од пратениците Хисни Шакири, Арбен Џафери и Сали Рамадани.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 2, поднесен од пратениците Хисни Шакири, Арбен Џафери и сали Рамадани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против?

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за личната карта.

Има збор министерот за внатрешни работи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Имам еден предлог до колку се согласите за измена на редоследот во дневниот ред, бидејќи законите за личното име и за матичната евиденција, посебно за матичната евиденција и за личното име се на некој начин поврзани со законот кој што туку го донесовме.

V/10.-

Предлагам по тие закони да продолжиме со расправа, да ја завршиме, па потоа да одиме на редоследот како што оди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да го прифатиме предлогот на министерот.

Молам да се изјасниме кој е за овој предлог?

70 пратеници го прифаќаат предлогот.

Дали некој е против? (Нема).

Дали некој е воздржан? (Нема).

Според тоа овој предлог е усвоен.

Според тоа не го менуваме дневниот ред, туку редоследот од причини што по овие други два закони има уште некои амандмани што треба да се доразгледаат, а по другите се сите разгледани.

Минуваме на **4-та точка** - Предлог за донесување на закон за матичното име, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот и Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Пред- логот на закон за личното име.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

72 пратеника гласа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува? (Не).

V/11.-

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлог на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласа за.

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Пратеникот Руфи Османи поднесе амандман член 8 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од причини што терминот службено кој со него се сугерира не е возможно да се операционализира, кога се работи за казнени одредби кога лицето не го користи своето лично име, треба да остане така како што е решението во основниот текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за личното име.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за матична евиденција, со Предлог на закон.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за матична ефициенција.

Кој е за молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за молам да крене рака? (66 пратеници)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Николина Трајановска поднесе амандман на член 9 став 2 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 9 став 2 ЗПК поднесе амандмани на член 14 став 2, член 31 став 2 и на член 35.

Пратеникот Владимир Николовски поднесе амандман на член 9

став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ферит Мусовски поднесе амандман на член 7 по кој Владата не се произнела.

Пратениците: Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Јован Лазаров и Мирко Лазаревски поднесоа амандман на член 9 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците: Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати поднесоа амандман за додавање нов член 2-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Абдулади Вејсели поднесе амандмани на член 1 за додавање нов став 3 и во член 9 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член став 2 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 1 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по Амандманот за додавање нов член 2-а поднесен од пратениците: Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој Амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот за додавање нов член 2-а поднесен од пратениците: Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по Амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Ферит Јусуф.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ЉУБОРМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифати Амандманот од причини што терминот Организација е општ термин кој опфаќа евентуалното конкретни именувања на организацијата во која документот се дава. Воглавном се користат општи термини надлежни институција или организација или конкретното име на организацијата со што се врзуваат за евентуална

промена на организацијата врзува промена на Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Ферит Мусоски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? /не/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање,

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 9 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Абдуљади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

VI/6.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Николина Трајаноска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ;**

Владата не го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници Законот за матичната евиденција, претставува само една алка во изградбата на правната регулатива во рамките на Уставот на Република Македонија. Овој Закон го дефинира карактерот на матичната евиденција,т.е. матичните книги кои претставуваат базична евиденција за матичните податоци на граѓаните и од каде практично се црпат и елементарните податоци и другите евиденции кои се водат според Законот.

Нов елемент во овој Закон за матичната евиденција е членот 9 кој во ставот 2 ја предвидува можноста имињата на припадниците на националностите да се запишуваат и според јазикот и писмата на националностите, што секако , е нов квалитет во демократските процеси и во градењето на правна држава.

VI/7.-

Предлогот по член 9 на крајот од став 2 точката да се за- мени со записка и да се додадат зборовите: "на нивно барање",дава можност прецизно утврдување на обврската при запишувањето на личното име во Матичната книга на родените според желбата на подносителот на ова барање. Со ова е дадена можност сите граѓани од националностите да можат да ја изразат својата волја за запишување на личното име и на својот јазик и писмо која определба всушност, им е загарантирана и со Уставот на Република Македонија во членот 7 од Уставот.

Предлогот граѓаните по своето барање да можат да ја користат оваа можност, содржи уште еден елемент според кој нема ограничување според територијалниот распоред на малцинствата и нивната бројност на одредена територија, што ја исклучува можноста од федерализација на Република Македонија и мајоризирање на една националност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Бидејќи овој амандман и прашањето имаат помалку концепциска природа, сакам да би дадам уште додатно објаснување зошто амандманот не е прифатен од Владата. Имено, засновувањето на правото на кое имињата на националностите се пишуваат, односно се транскрибираат на нивниот јазик и нивното писмо мора да биде изворно дадено, со пополнување на образецот, односно личната карта со дефинирање на националноста на носителот на овие документи и со запишувањето на овие книги обврска на органот е да го внесе на неговиот јазик паралелно името и неговото писмо. Доколку тој, неговиот евентуално старател, лице кое за него се изјаснува по некои случаи кај матичните книги, доколку сакаат поинакво запишување од ова, тој тогаш

VI/8.-

тоа експчоцотно го наведува, дека сака да му биде името напишано само на македонски јазик. Оттаму сметаме дека вака треба да биде засновано правото и на овој начин да се прави исклучокот, а не на овој начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот со истото образложение како и од претходното.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Практично Амандманот кој јас го поднесов е сосема идентичен со едно мало проширување во однос на претходниот на г-ѓа Трајаноска и сметам дека од аспект на правата на граѓанинот и неговата слобода негово лично право е дали тој ќе сака да му се пишува неговото име во транскрипција или не. Ова толкување што беше дадено до г-динот министер сметам

дека по мое мислење не е прифатливо од аспект што децидно стои во Законот дека мора по автоматизам да се пише во транскрипција неговото име. Према тоа во тој случај сметам дека е повредено правото на граѓанинот неговата слобода да направи избор дали сака или не по желба во транскрипција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 9 став 2 поднесен од Владимир Соколовски.

Отворам претрес по Амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратениците: Блаже Филиповски, Мирко Трипуновски, Јован Лазаров и Мирко Лазаревски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој Амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Бидејќи идентичен амандман по Законот за лична карта не беше прифатен, така што сега го повлекуваме овој Амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој Амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМСИАЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во амандманот се бара да се внесе македонски јазик, кири- лично писмо, затоа што македонскиот јазик е единствен, а кирилски писма има повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас веќе напомнав со Амандман кој е на Владата кој е составен дел на текстот се внесени и во Законот за лична карта и во матичната евиденција истиот амандман го има каде што се користи кирилското писмо, целата формулација гласи во сите членови каде што се користи на македонски јазик и неговото кирилично писмо. Амандманот овде содржи нешто друго, после тој текст се става точка и останатиот текст се брише. Значи овој Амандман во целина не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 9 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

VI/11.-

Отворам претрес по Амандманот на член 14 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 31 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Амандманот на член 3 5 поднесен од ЗПК. Со овој Амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОРМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го припаѓа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (64 пратеници)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот на Матичната евиденција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пауза од половина час, ќе дојде госпоѓа Симоска, претставникот на Владата за точката што се договоривме. (Реакција на пратениците во салата).

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

Па, и тука немаме претставник, не се работи така. (Реакција на пратениците во салата).

Минуваме на **точка 7** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 6 став 1, член 7 став 1 и 2, член 8 став 1 и 2, член 9 став 1 и 2 и на член 10 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Се работи за мали измени на казнените одредби и на висината на казнените одредби и дополнително не се произнел повереникот на Владата, Владата ги прифаќа сите амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите амандмани од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Минуваме на **точка 8** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

66 пратеници гласа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 1 и 2, член 6 став 1 и 2, член 7 став 1 и 2, член 8 став 1 и 2 и на член 9 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници сите амандмани се однесуваат на минимално намалување на казнените од- редби со кои Владата се согласува и ги прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите, добро.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за из- менување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Минуваме на **точка 9** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за насоченото образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Комисијата за образование и наука, му предлага на Собранието да не го усвои предлогот за донесување на овој закон, од причините изнесени во извештајот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за насочено образование.

Кој е за, молам да крене рака? (Нема).

Нема основен услов натаму.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Според тоа, овој закон нема да се донесе.

VII/6.-

Минуваме на точка 10 - Предлог за донесуваше на закон за јавните собири.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, јас би сакал да ве информирам само со неколку начелни забелешки кои беа искажани во Комисијата за внатрешна политика и одбрана, бидејќи Законот се наоѓа во прва фаза, Предлогот за донесување.

Во дискусијата на Комисијата беа искажани следниве три забелешки.

Во член 2 да се преоцени потребата од набројување на облиците на јавно собирање како што е тоа направено во образложението на Предлогот за донесување на овој закон. Ова од причини да во практичната примена на овој закон не дојде до одредени недоразбирања.

Втората забелешка, потребно е да се прецизира, односно разграничи што се подразбира под организатор, а што под свикувач на јавниот собир и

Трето, во член 3 став 1 е уредено дека заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир може да го извести МВР за одржување на јавниот собир и мерките кои се преземени за неговото одржување. Во Комисијата се искажа мислењето дека организаторот заради интересите на безбедноста треба да го извести МВР за одржувањето на јавниот собир од причина што остварувањето на

правото на одредена група на граѓани не треба да биде на сметка на нарушување на остварувањето на правата на другите граѓани кои не се учесници на собирот.

Со ова се цени дека не се доведува во прашање загарантираното уставно право на граѓаните мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест, а истовремено се смета дека ќе се отстранат одделни негативни појави и последици кои што се јавуваат во практиката. Од овие причини се предложи ставот 1 на членот 3 да гласи: "Заради интересите на безбедноста организаторот на јавниот собир го известува Министерството за внатрешни работи за одржување на јавниот собир и мерките кои се преземени за неговото одржување".

Еве овие три се начелни забелешки кои што би требало да се имаат во предвид во изготвувањето на Предлогот на законот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам даго усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за јавните собири.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за јавните собири, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на РМ и Министерството за внатрешни работи.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?

64 пратеници гласа за. Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Сега ние ќе прекинеме со работа, овој закон имаше смисла, за донесување, па ништо не губат отсутните, можат да се приклучат во вторите фази.

Инаку, пратеничката група на ПДП строго ограничи на кои точки она не сака да учествува, а на се друго сака да учествува. Имаат право, тоа е нивна замолница. Ние сега ќе прекинеме со работа и накнадно ќе закажеме продолжување на седницата.

(Седницата прекина со работа во 15,50 часот).